Дневник: Да почнеме со едно жешко политичко прашање - договорот меѓу ДУИ и ВМРО. Дали би можеле да ни кажете која е суштината и во каков дух е составен вербалниот договор меѓу ДУИ и ВМРО?

Амбасадорка Миловановиќ: Во ред. Дозволете првин да кажам неколку работи, а потоа ќе се задржам конкретно на она што беше договорено.

Како прво, би сакала да кажам дека на странските посматрачи овде посебно им паѓа в очи способноста нешто што е добро да се претвори во проблем. Кога се работи за некој договор – било да е тоа договорот меѓу ДУИ и ДМПНЕ од 29 мај, или некој друг договор – се чини дека таков договор се доживува како начин некој да биде обвинет, наместо да се доживува како нешто што е постигнато на кое треба да се биде горд. Од наша гледна точка, добро е кога ќе се постигне некаков договор, сметаме дека оние што го постигнале треба да се гордеат со тоа, а другите треба да се гордеат во нивно име за постигнатото, особено кога станува збор за договор што е во интерес на сите, во интерес на зајакнување на институциите и во интерес на подобрување на институциите за да можат подобро да си ги извршуваат своите задачи и да даваат резултати. Значи, тоа е, горе-долу, контекстот на договорот.

Јас всушност, го имам тој лист хартија кај мене затоа што не сакам да импровизирам – станува збор за нешто важно. Пред да преминам на петте точки од договорот, би сакала уште еднаш да кажам дека за оној што ја набљудува ситуацијата е многу чудно што воопшто се отвори целата таа дебата околу тоа што се смета за вербален договор, а што не се смета за вербален договор.

Вербален договор е договор. Штом двајца честити луѓе ќе речат, ’Да, се договоривме за нешто’, значи тие се согласиле за тоа. Очекувањата - особено кога има и присутни сведоци, што во овој случај беа луѓе од ЕУ и од мојата Амбасада – беа договореното да се имплементира. Не се очекува да се имплементира повеќе од договореното, но исто така не се очекува да се имплементира ни помалку од тоа што е договорено.

Исто така, тука е и прашањето за значењето на парчето хартија што беше покажано. Бидејќи ме прашавте да се обидам да разјаснам, сакам да бидам колку што е можно појасна.

Вербален договор значи дека - добро, луѓето не потпишуваат парче хартија - но, си велат еден на друг ‘се согласувам со ова’, си подаваат рака, било што. Но, тоа не значи дека она, за што тие тукушто се согласиле, не е запишано некаде. Тоа е нормално. Ќе објаснам уште нешто друго – овој договор настана на следниов начин: двете страни разговараа, дискутираа, преговараа и дојдоа до нешто што беше прифатливо и за двете, за ДПМНЕ и за ДУИ, и конкретно, за премиерот Груевски и за г. Ахмети, како лидер на ДУИ. Потоа тоа беше ставено на хартија – беше запишано што е тоа за кое се договориле страните. Во моментот кога тие го склучија вербалниот договор, тој лист хартија беше прочитан. Откако

беше прочитан, двете страни се согласија – пак вербално – дека е тоа тоа за што се договориле.

Значи, на овој лист хартија е запишана суштината на она за кое се договорија овие двајца луѓе и им беше прочитано во моментот кога тие го постигнаа тој договор – текст што и претходно секако го имаа видено.

Има пет точки. Е сега, и тука имаме дебата околу тоа дали се три точки или пет точки. Ќе го прочитам ова – само првин дозволете ми да објаснам, затоа што некои работи што ги имав кажано претходно беа цитирани само делумно, а тоа во неодамнешните дебати создаде погрешен впечаток.

За три од вкупно петте точки двете страни постигнаа договор за конкретна акција. За две точки беше договорено да се продолжи да се разговара во работни групи на двете партии. Значи, за три точки беше постигната согласност до степен ’знаеме што да правиме и ќе почнеме да го правиме тоа’, а за две точки до ’се согласуваме - повторно, вербален договор на двајца честити луѓе - да има работни групи меѓу двете партии.’

Значи, првин партиите се договорија за список од 46 закони за кои ќе се гласа со Бадентерово мнозинство. Се договорија овој список да влезе во Деловникот на Собранието, и двете страни се согласија да не се противат на влегувањето на овој список во Деловникот.

Втората точка се однесува на тоа дека страните се договорија за рекомпонирање на Комитетот за меѓуетнички односи, што требаше да биде завршено во текот на првиот месец по постигнувањето на договорот, значи, технички до 29 јуни. Не верувам дека некој прави проблем околу временскиот рок, но таков беше договорот – вербалниот договор – и страните се договорија да се изготви нацрт-закон за Комитетот за меѓуетнички односи што во текот на наредните три месеци ќе се достави до Собранието и ќе се однесува исклучиво на методот со кој ќе се составува Комитетот. Со други зборови, целта на рекомпонирањето и целта на Законот беше да биде сигурно дека во иднина сите ќе бидат согласни за начинот на кој ќе се формира комитетот. Тримесечниот период за изготвување на овој нацрт-закон требаше да почне откако ќе биде усвоен Собранискиот деловник, а Собранискиот деловник, беше договорено, требаше да биде усвоен во рок од еден месец по постигнувањето на договорот. Значи, уште еднаш, се очекуваше 46-те закони да бидат инкорпорирани во Деловникот во рок од еден месец по 29 мај.

Третата точка – партиите се договорија да го решаваат прашањето на обезбедување материјална и социјална помош за жртвите од конфликтот во 2001 година и за нивните семејства во рамките на постојните закони и процедури. Тие се согласија по ова прашање да разговараат во заедничка работна група од двете партии.

За четвртата точка страните се договорија да изготват нацрт-закон за употреба на јазиците што ќе биде целосно сообразен со Рамковниот договор и со 5. уставен амандман и да го стават на гласање пред Собранието. Страните, исто така, се договорија дека по ова прашање двете партии ќе продолжат да разговараат во работна група. И на крајот, со враќањето на ДУИ во Собранието, страните се договорија да продолжи дискусијата околу прашањето за методот за формирање Влада.

Значи, 46 закони со Бадентерово мнозинство, рекомпонирање на Комитетот за меѓуетнички односи, изготвување нацрт-закон за правилно составување на Меѓуетничкиот комитет, и двете работни групи – едната за прашањето за обезбедување материјална и социјална помош на жртвите од конфликтот во 2001 година и за нивните семејства, и другата, за изготвување нацрт-закон за јазикот што мора да е во целост сообразен со Рамковниот договор и со Амандманот 5 на Уставот.

Сметам дека од сето ова, секому би требало да му е јасно дека овој договор воопшто не е нешто за што било кој би требало да е и најмалку загрижен. Би додала дека, донекаде сум изненадена што некој може да поверува или да сугерира дека имало обид – особено во присуство на сведоци од САД и од Европската Унија – да се договори нешто што нема да биде во согласност со Уставот и со Рамковниот договор. Зашто, ако барем има една причина поради која сум јас дојдена овде, таа е да бидам од помош и да го поддржувам имплементирањето на Рамковниот договор и, се разбира, на Уставот.

Дневник: Благодарам. Би сакал малку подлабоко да навлезам во ова прашање. Ова е очигледно еден вид процес на помирување меѓу политичките претставници на етничките Македонци и на етничките Албанци, што не е ништо ново. Можеме да го земеме примерот на Ирска, со Берти Ахерн и Гери Адамс, или со Блискиот Исток, да речеме, со т.н. “road map” меѓу Израелците и Палестинците. Можеме да видиме извесни сличности, но не мислите ли дека ни недостигаат некои важни елементи, можеби институциите или опозицијата?

Амбасадорка Миловановиќ: Не гледам дека овие процеси се одвиваат вон институциите. И за ова често се зборува. Зборуваме за метод со кој на институциите ќе им се овозможи подобро да работат. Во договорот од 29 мај, на пример – да го земеме тој договор за пример – нема ништо што упатува на тоа дека ќе бидат преземени и потврдени активности без соодветно инволвирање и одлука на Собранието, кога станува збор за закони, или за Деловникот, или за било што друго. Целиот овој процес води кон институциите.

Еве поконкретно: луѓето не беа кадарни, или не беа во можност, или не сакаа, од било какви причини, да се состанат, да разговараат, да дискутираат и да изнајдат начин како да се продолжи напред. Ова беше замислено како начин за двете најголеми партии – за лидерите на двете најголеми партии – да можат да се состанат и да дискутираат однапред околу тоа на кој начин би можеле да

постигнат извесен компромис и договор и, се разбира, сево ова да води пак назад во Собранието, и ако успее сето ова, тогаш, да ви кажам искрено, наместо Собранието да троши толку време, како што веќе неколку месеци се случува, на дебати и на тешкотии во усвојувањето закони и постигнувањето конкретни резултати, ова би било начин некои од овие прашања да се решаваат однапред. Ова не е единствениот начин на решавање на прашањата; се разбира, може да се очекува дека слични дискусии се водат и во владејачката коалиција. И тие претходно договараат што да се прифати и што да се предложи. Сето ова е еден вид пред-процес за подобро функционирање на Парламентот, а и на самите одлуки. Тоа не е паралелен процес.

Тоа е како мал поток што се влева во поголема река. Реката е Парламентот, или, можеби, реката е некоја административна одлука што треба да се донесе. Ги имате овие малечки потоци што се влеваат во реката и ако водата тече мирно и во поточињата нема никакви брани, тогаш водата ќе се слее во големата река, т.е. во Парламентот, и работите ќе се движат напред, и тоа е целата идеја.

Дневник: Дали овој договор има анекси?

Амбасадорка Миловановиќ: Не, овој вербален договор нема никакви анекси. Вербалниот договор е она што го прочитав. Сакам да кажам, нема никакви тајни во врска со овој договор. Договорот е тоа што е.

Дневник: А опозицијата? Тие не сакаат да учествуваат во овој процес. Зошто?

Амбасадорка Миловановиќ: Мислите на другите партии освен ДУИ?

Дневник: Можеби СДСМ и ЛДП.

Амбасадорка Миловановиќ: Ќе треба нив да ги прашате зошто. Јас ќе го кажам следново: она што е договорено е дел од парламентарниот процес, со исклучок, можеби, на социјалниот пакет за жртвите од конфликтот што е веројатно повеќе административно прашање зашто е во рамките на постоечката легислатива.

Другите членови на Парламентот – без разлика дали се коалициони партнери или парламентарна опозиција – треба да учествуваат во процесот како поддршка на сево ова. Ова е нешто конструктивно. Сметам дека тие треба да ја гледаат суштината и да го поддржуваат движењето напред.

Дневник: Зборуваме за една точка од Договорот – за компензацијата за жртвите од конфликтот. Меѓутоа, во последниот извештај од Брисел тие се наречени ’албанска герила’. Мислам, тука има голема разлика. Дали тоа значи различно гледање на конфликтот или се работи само за недоразбирање?

Амбасадорка Миловановиќ: Не сум го прочитала тоа што вие го опишувате во детали, така што не знам што пишува и што не пишува во него.

Јасно е дека прашањето во врска со случувањата од 2001 година и како луѓето гледаат на 2001 година за многумина претставува исклучително емоционално прашање. И тоа е сосем разбирливо.

Истовремено, ако зборуваме од практична гледна точка – како и што се гледаше на тоа во контекстот на овој договор и, се надевам, така сите ќе почнат да гледаат на ова прашање – имате граѓани на оваа држава, независно од нивната етничка припадност, со тешки социјални, физички и други проблеми - егзистенцијални проблеми - затоа што го нема веќе хранителот на семејството. Има проблеми со физичка хендикепираност, зашто или на тие луѓе лично или на некој од нивното семејството, им била нанесена штета во конфликтот.

Кога ќе се свртиме кон иднината, логично е да се почне на секого да се гледа како на граѓанин на оваа земја. Не е неопходно цело време на тоа да се гледа како на бранителите против бунтовниците на ОНА. Мене ми е сосем јасно дека треба да се направи разлика на едно друго ниво. Но во човечка смисла, во хуманитарна смисла, во смисла на конкретните потреби на граѓаните, верувам дека пристапот што треба да се заземе и што беше разгледуван, е хуманитарниот пристап, што мислам дека луѓето би требало да сакаат да го прифатат. Пред малку направивте извесни споредби, со други држави каде што има конфликти и каде луѓето се сплотиле; за тоа зборувавте во контекст на друго прашање.

Меѓутоа, дозволете ми тука да ја споменам Јужна Африка, каде што работев долги години. Тоа е земја во која имаше голем конфликт и тоа не само проблеми со бунтовници, туку и проблеми со долгогодишно угнетување, вклучително и легализирано угнетување. На крајот, кога земјата реши повторно да се изгради како една нова Јужна Африка, луѓето се сплотија и сфатија дека е важно, не да се заборави, туку да се свртат кон иднината, да простат и да продолжат со животот, да се грижат за сите граѓани, независно од она што се случувало во минатото. Мислам дека тоа е феноменален модел што може да се примени – не велам во сите негови аспекти – но, во случајот со Јужна Африка тоа беше начинот општеството да продолжи напред, наместо постојано да го кочат вакви проблеми. Се надевам дека и кај вас луѓето ќе размислат да се примени нешто слично во решавањето на ова прашање за задоволување на основните потебите на вашите граѓани.

Дневник: Во ред. Да преминеме на наредното прашање, коешто се однесува на нешто сосем друго. Во врска со притворањата, со пресудите во случаи на корупција, трговија со оружје и т.н. случај Смиленски. Дали е ова тоа што го очекуваа македонската јавност и меѓународната заедница? Мислам дека се затворени некаде 20-30 лица. Дали станува збор за борба против корупцијата?

Амбасадорка Миловановиќ: Се разбира, борбата против криминалот и корупцијата за нас е исклучително важна, важна е за Евро-атлантските интеграции и за НАТО кандидатурата. Задоволни сме од фактот дека во борбата против корупцијата се вложуваат сериозни напори, се изведуваат пред суд лица против кои е веќе подигнато обвинение, во случајот Смиленски, што датира уште од поодамна,

– се продолжи, се изврши екстрадицијата, и се продолжи. Ако зборуваме конкретно до тој случај, задоволни сме што беше отворен судски процес, беше изречена пресуда, и сега чекаме да видиме што ќе биде со вториот случај, но тој е еден од лицата, кој барем е обвинет за голема корупција; прогласен е за виновен по една група обвиненија и ние очекуваме да видиме како ќе се одвиваат работите со другите обвиненија. Мислам дека во овој случај, како и во секој друг случај, е битно да нема апсолутно никакво политичко влијание врз процесот и тој да продолжи врз база на фактите, да се подготвуваат добри случаи, да се подготвуваат добри обвиненија, а судот да одлучува врз база на приложените факти. Можам да додадам уште дека ние сме всушност прилично импресионирани со континуираниот напредок во Министерството за внатрешни работи, што веќе беше на патот кон значителен професионализам, и стабилно продолжува по тој пат. Одлично си ја работат работата и верувам дека имаат изработено голем број добри случаи за обвинителството да може да преземе чекори. Некои од нив сè уште чекаат на обвинителството. Ние очекуваме обвинителството и, потоа, судовите добро да си ја сработат својата работа.

Овој процес очигледно уште ќе се одвива и – да повторам – ние сакаме да видиме дека процесот се движи напред, дека се одвива во рамките на соодветни институционални прописи и дека е непристрасен.

Дневник: Се надевам дека Американците внимателно го следат процесот на, така да се изразам, правењето обиди – првите чекори во борбата против тутунската мафија во регионот. Имаме случаи во Црна Гора, во Хрватска и најмногу во Србија, но не и во Македонија. Дали можеме да кажеме нешто што досега не е кажано и дали може да очекуваме помош од Американците во врска со овој проблем?

Амбасадорка Миловановиќ: Она што се случува е еден процес на соработка со вашите судски органи; имаме луѓе од Министерството за правда [на САД] кои работат овде, имаме луѓе кои работат со вашето Министерство за внатрешни работи и со други институции. Активностите не се усмерени само кон еден конкретен вид криминал, туку кон различни видови криминал, меѓу кои и кон организираниот криминал.

Има особено многу активности и постигнат е голем успех во трговијата со луѓе, уште еден исклучително важен облик на криминал, што истовремено претставува и прекуграничен регионален проблем. На ова поле полицијата навистина одлично се покажа, има сè поголем успех во апсењата, и генерално во кривичното гонење и во изрекувањето казни. Ние се надеваме дека така ќе продолжи и во иднина. Од вашите институции зависи кои други видови криминал или корупција или организиран криминал сакаат да гонат.

Дневник: Амбасадорке, од последната средба на македонските министри со претставниците на ЕУ во Брисел добивме многу позитивни пораки. Дали може да

ни кажете што е сега поинакво во Македонија во споредба со ситуацијата минатата година, од ваша гледна точка?

Амбасадорка Миловановиќ: Со други зборови, напредокот што сте го оствариле...

Дневник: Да, за НАТО, на пример...

Амбасадорка Миловановиќ: Како прво, ваш главен адут и понатаму се вооружените сили. Не велам дека другите не се добри, но најдоброто нешто што го имате е АРМ и Министерството за одбрана. И, би додала, во овој момент, во борбата со пожарите, се гледа колку брзо беа подготвени да стапат во акција и колку самопрегорно го прават тоа. А сето ова почнува од самото Министерство, преку шефот на одбрана, па сè до секој војник. Навистина одлично си ја работат работата. А што се однесува до оценките на НАТО и на САД – иако, се разбира, треба да продолжите со реформите, и така натаму во таа смисла – постигнат е навистина значителен напредок, навистина одлично се работи.

Веќе реков дека дефинитивно има напредок во делот на борбата против корупцијата и во работата на Министерството за внатрешни работи. Мислам дека имавте и извесен успех во делот на економскиот развој и, ако ништо друго, има сериозни напори да привлечете инвеститори, и на тоа поле постигнавте и извесни успеси. Се разбира, ние се надеваме дека во оваа област ќе постигнете уште повеќе успеси.

Општо гледано, се прават напори. Не секогаш се постигнуваат и резултати. Некогаш е потребно време за тоа. Во некои области, пак, бавното одвивање на парламентарниот процес го отежнува напредокот. Тука би укажала на извесни области во реформата на судството и на прашањето за Судскиот совет, каде што имате можност за напредок ако луѓето се сплотат и се договорат. Тоа досега сè уште не се случило. Меѓутоа, општо гледано, постигнат е напредок. Во секоја од областите сèуште има доста да се направи.

Дневник: И нацрт-законот за верските заедници е многу значаен, затоа што ги засегнува фундаменталните слободи. Дали Ви е позната содржината на нацрт-законот и дали може да дадете свој коментар во врска со него?

Амбасадорка Миловановиќ: Единственото нешто што би го кажала во врска со прашањето околу Законот за верски слободи е тоа дека е ова навистина многу значајно прашање. Значајно е од гледна точка на меѓународните стандарди генерално, и на основните слободи. Сигурна сум дека на крајот тоа што ќе се предложи, ќе биде закон што ќе ги исполнува меѓународните стандарди, затоа што знам дека Владата минува низ процес на консултации со Венецијанската комисија, ОДИХР и ОБСЕ, за да тоа што ќе го подготви, биде во согласност со меѓународните стандарди, а тоа ќе биде многу важно. Ќе биде многу важно за

припадниците на вероисповедите што се веќе познати во вашата земја – оние што се наведени во вашиот Устав – а и за оние кои припаѓаат на други конфесии.

Дневник: Дозволете ми да Ве прашам, дали е Македонија способна да ги решава проблемите, или сè уште ни е потебна помош од меѓународната заедница?

Амбасадорка Миловановиќ: Сметам дека Македонија апсолутно е способна сама да си ги решава проблемите, ако им приоѓа со добра волја и со желба да се постигне компромис. Лично не гледам никаква причина тоа да не биде така.

Меѓутоа, ако и натаму се продолжи на компромисот да се гледа како на предавство или како на изневерување, и ако на политичките лидери и политичките партии од сите страни и натаму им биде проблем отворено да дискутираат и да постигнуваат компромиси од страв да не го изгубат кредибилитетот или поддршката - затоа што договорите и компромисите се сметаат за нешто негативно, а не позитивно - тогаш сметам дека меѓународната заедница има легитимна улога да даде поддршка на напорите да се надминат овие проблеми.

Видете, сум ги видела коментарите во врска со улогата на меѓународната заедница, за тоа кој врз кого наводно има контрола. Дозволете само ова да го кажам: јас овде дојдов знаејќи дека е важно – и верувајќи дека е од клучна важност – Македонците сами да си ги вршат работите, а меѓународната заедница да има улога на поддршка. Тоа е мојата филозофија, тоа е и филозофијата на нашата Мисија. Или, кажано директно – никој не ја избрал Џилијан Миловановиќ да биде политички лидер на оваа земја. И јас немам никакви илузии дека сум тука дојдена за такво нешто. Дојдена сум овде за да ја претставувам својата земја, а мојата земја од мене силно бара да давам поддршка и помош на напорите што Македонија самата ги вложува. Јас секако ќе продолжам да го правам тоа. Исто така, ќе дадам коментар и во врска со нешто што го видов во едно списание што излезе оваа недела во кое имаше коментар што, се надевам, беше сатиричен, во врска со мојата способност, на моја свирка политичарите да прават како јас што сакам. Ќе кажам само едно – јас не умеам да свиркам. Така што, не само што не би ми паднало на ум да им свиркам на политичарите за да играат како што сакам јас, не само што не сум ни овластена за такво нешто, туку – јас ниту физички *не знам* да свиркам. Тоа е тоа.

Дневник: Во ред. Но знаете, очигледно е кога амбасадорот Фуере ќе организира вечера и претседателот ќе дојде, па тоа е... што знам...

Амбасадорка Миловановиќ: Дали е подобро да се направи обид да се воспостави принцип дека меѓународната заедница под никакви околности не треба да помага да ги приближи луѓето, врз основа на теоријата дека, што и да се случи, Македонците треба сами да си го бараат решението? Што може да потрае доста долго, а ви се ближат рокови во врска со неколку одлуки, за НАТО, за ЕУ, потоа вашите интерни рокови. Или е подобро да се прифати идејата дека сето она што го прави меѓународната заедница мора, пред сè, да дојде како поддршка на иницијативите и желбите на граѓаните на Македонија, и да им го олесни

постигнувањето на сопствените цели? Јас лично не го сметам за мешање – а уште помалку за наметнување решенија – од страна на меѓународната заедница, кога е во форма на олеснување на она што партиите, лидерите и поединците во Македонија настојуваат самите да го постигнат. И сметам дека тоа и се случува.

Од друга страна, апсолутно се согласувам дека е најдобра солуција луѓето да можат сами да си ги решаваат проблемите и тоа да го прават отворено, да не мораат да се плашат дека е погрешно макар само и да се сугерира да се состанат со некого. Во врска со овие средби со некого со кого не се согласувате – кога ќе се каже 'Не можам да се сретнам со нив', или 'Не можам да седам на иста маса со нив затоа што имаме многу различни гледишта' – тоа, искрено, ме наведува да помислам на САД и на некогашниот Советски Сојуз. Да беше нашиот пристап таков, никогаш немаше да дојде до контрола во вооружувањето, никогаш немаше да бидат склучени договори за нуклеарното оружје, ништо немаше да има. Зашто, ако некогаш имало две групи потенцијални преговарачи што имале различни гледишта, тогаш тоа беа Соединетите Американски Држави и некогашниот Советски Сојуз. Сепак, луѓето седнаа [да разговараат] токму поради тоа што имаа различни гледишта и требаше заеднички да ги решат за доброто на сите. Тогаш, тоа беше за доброто на светот. Не можам да верувам дека, ако било возможно да се постигне намалување во нуклеарното вооружување, не е возможно такво нешто да се случи и во Македонија и сите да гледаат на тоа како на нешто добро, наместо како на прилика да се обвинат тие кои всушност презеле чекори.

Дневник: Сега имам слика во свеста – да ја наречам, идила. Да кажеме дека Бранко Црвенковски има одличен готвач и дека приготвил многу добра храна, на масата има многу добро мени, и можам да го замислам со Никола Груевски, Али Ахмети, Џилијан [Миловановиќ], Фуере, разговараат за разни работи, па и за политичките проблеми. Дали верувате во една ваква позитивна слика?

Амбасадорка Миловановиќ: Апсолутно, затоа што и покрај сите партиски политички прашања, јас верувам - треба да верувам, но и навистина верувам - дека луѓето се апсолутно способни да постигнат такво нешто. Мене лично ми е тешко да разберам зошто треба да помине толку многу време за да се постигне тоа, но навистина сметам дека е тоа возможно.

Дневник: Инвестирање во Македонија. Дали може да ни кажете дали има американски компании што се заинтересирани да прават бизнис овде? Слушаме дека има големо интересирање.

Амбасадорка Миловановиќ: Да ви кажам право, поголемиот дел од деловните активности со САД се одвиваат во директни разговори меѓу вашите релевантни министри што ги истражуваа можностите и оние компании со кои тие разговараат. Меѓутоа, мислам дека сега на Македонија повеќе се гледа како на можност за инвестирање. И, искрено, тоа е веќе добра работа, зашто, ако погледнете една година наназад, мислам дека на Македонија баш не се гледаше како на некаква можност за бизнис. Сега гледаме како доаѓаат повеќе луѓе за да видат какви се

условите. И, откако ќе видат, само еден процент од нив можеби ќе продолжи со развивање бизнис овде, но самиот факт дека доаѓаат да видат е добра работа.

Дневник: Дали може да Ви поставам прашање во врска со шумските пожари? Ми кажаа дека во Амбасадата размислуваат и бараат помош за Македонија. Дали имате некакви информации? За каква помош станува збор?

Амбасадорка Миловановиќ: Како прво, сакам да кажам дека сме сите ние шокирани и вцашени од пожарите и од физичката штета што и е нанесена на земјата, како и на животот на толку многу луѓе, и тоа нѐ растажува. Исто така, восхитени сме од работата на пожарникарите, војниците и на граѓаните кои волонтираат. Ова е исклучителен напор, И многу тежок напор. За ниту една земја ова не е лесна ситуација. Резултатот не може да се гарантира, но навистина се вложуваат силни напори.

Во моментов очекуваме одобрение од Вашингтон, побаравме $50.000 да се дадат за дополнителни напори за гаснење на пожарите. Се надеваме дека во наредните 24 до 48 часа ќе добиеме конечно одобрение и дека ќе бидеме во можност да помогнеме на тоа ниво во битката со пожарите во Македонија.